Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
# за одбивање на приговор

1. Приговорот на Владимир Гавазов од с. Орланци, Кичево УП2 09-16/24 од 18 јануари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-188 од 12 јули 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-188 од 12 јули 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

Владимир Гавазов од с. Орланци, Кичево до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-16/24 од 18 јануари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-188 од 12 јули 2023 година на КЕЦ Кичево, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на пумпа за наводнување на земјоделско земјиште.

Жалителот потенцира дека на најблискиот столб има 5-6 домаќинства приклучено кои повремено престојуваат во село Орланци. Бара техничко решение кое предвидува внатрешниот приклучок да го гради на свој трошок, а Електродистрибуција да го постави мерното место на најблиската точка од нисконапонската мрежа. Бара стандарден приклучок.

Според Електродистрибуција - жалителот е на повеќе од 450 метри од најблиската точка на нисконапонската мрежа, а нема урбанистичко-планска документација за тоа подрачје.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 20 февруари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-16/24 од 18 јануари 2024 година со прилог:

-GIS скица

-БСП-1 образец

-Приговараното Решение

-Приговор

2. Дополнителни докази од ЕВН од 24 јануари 2024 година со прилог:
-Имотен лист
-Извештај за пад на напон
-Оптоварување на трафостаница
-Решение за запишување на земјоделско стопанство

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, објектот е на растојание од повеќе од 450 метри од најблиската приклучна точка на нисконапонската мрежа, а се работи за неурбанизирано подрачје.

Согласно член 35 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека не постојат технички услови за приклучување на објектот, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–16/24**
**8 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**